**20100480896**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 април 2010 година.

Бр. 07-1562/1
7 април 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009 и 105/2009), во членот 6 ставот (4) се менува и гласи:

"Директорот и заменик-директорот се именуваат за период од четири години.“

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

"(5) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има стекнати 240 кредити според Европскиот кредит трансфер систем или завршено високо образование и
- најмалку пет години работно искуство.

(6) На директорот и заменик-директорот мандатот им престанува:

- со истек на мандатот,
- по негово барање,
- со разрешување од Владата на Република Македонија,
- не е во можност да ја извршува функцијата поради телесна или ментална неспособност која трае подолго од три месеци,
- со исполнување на условите за пензија и
- во случај на смрт.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".